АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

ЦРВЕН КРСТ
на Република Македонија
Бр. 0202-405/8
09.08. 2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 31 од Статутот на Црвен крст на Република Македонија а во согласност со Правилникот за методологија за определување на работни места и пресметување на плати во Црвен крст на Република Македонија (бр. 0202-651/15 од 04.07.2018 година) Раководниот одбор на Црвен крст на Република Македонија на својата седница одржана на 24.04.2019 година донесе

# ПРАВИЛНИК
## за организација на работата и систематизација на работните места во централната канцеларија на Црвен крст на Република Македонија

## I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдува внатрешната организација и систематизација на работните места, бројот на работните места, звањата на работните места, описот на работите и задачите по работни места и посебните услови потребни за вршење на работите во стручната служба на централната канцеларија на Црвен крст на Република Македонија- Скопје (во натамошниот текст ЦКРМ).

Со овој правилник се дефинира начинот на комуникација и соработка на вработените во Централната канцеларија на ЦКРМ со Црвениот крст на Град Скопје, Општинските организции на Црвениот Крст, Националните друштва, Меѓународната федерација на Црвениот крст и Црвена полумесечина, Меѓународен Комитет на Црвен крст (во понатамошниот текст ЦКГС, ООЦК, НД, МФЦК и МКЦК) и други органи и организации.

**Член 2**

Систематизацијата на работните места на стручната служба, се утврдува согласно Статутот на Црвен крст на РМ и Правилникот за методологија за определување на работни места и пресметување на плати во Црвен Крст на Република Македонија.

**Член 3**

Работниците во стручната служба ги вршат организационо-стручните, материјално-финансиските и административно-техничките работи за реализација на целите и задачите утврдени со Законот за Црвен крст на Република Македонија и Статутот на ЦКРМ.

## II.ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТА

**Член 4**

Со организацијата на работата и утврдувањето на работите и работните задачи на секој работник се обезбедува поделба на трудот, ефикасно следење на работите и работните задачи, одговорност, заради што мора да се води грижа на работните места да се распоредат лица кои можат успешно да ги извршуваат тие работи и работни задачи.

**Член 5**

Работните места се утврдуваат врз основа на видот, сродноста и поврзаноста на работните задачи, поаѓајќи од потребата за стручност, ефикасност и економичност во вршењето на работните задачи, независности одговорност, комуникација и соработка.

**Член 6**

Звањата за одделните работни места се определуваат врз основа на обемот, тежината, сложеноста на работните задачи и посебните услови на работното место.

За вработување, распоредување и унапредување на работникот на повисоко звање согласно посебните услови одлучува Генералниот секретар.

**Член 7**

Работните места, работите, задачите и посебните услови утврдени во овој Правилник се основ за вработување.

Работниот однос се склучува со Договор за вработување во согласност со Описот на работните места.

Работникот е должен да го достави годишниот индивидуален оперативен план за работа (ИОП) и индивидуалниот развоен план (ИРП) за наредната година, најдоцна до крајот на месец ноември во тековната година.

Работникот е должен да ги извршува работните задачи во согласност со описот на работното место и други работни обврски, задолженија и овластувања доделени од Генералниот Секретар.

Во случај на користење на годишен одмор работникот е должен да предложи и договори замена за време на неговото отсуство. Во случај на друго отстуство на работникот, непосредниот раководител одлучува кој ќе го менува.

Во случај на природни и катстрофи предизвикани од човекот, по задолжение на Генералниот секретар вработените во стручната служба спроведуваат активности за отстранување на последиците од катастрофите.

**Член 8**

Бројот на работници во стручната служба на ЦКРМ се утврдува согласно Правилникот за методологија за определување на работни места и пресметување на плати во Црвен крст на Република Македонија.

**Член 9**

Работниците засноваат работен однос на неопределено или определено време на соодветни работни места со склучување на договор за вработување.

За пополнување на слободно работно место како и за потребата од работници на определено работно време одлучува Генералниот Секретар.